ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 13 - 342/17

**Дата:** 15. 07. 2010

Врз основа на член 23 став 5 од Законот за државната ревизија (Сл. Весник на РМ бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06, 133/07), постапувајќи по Приговорот на одговорното лице – директор на Центарот за управување со кризи против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 13 – 342/8 од 20.05.2010 година, Главниот државен ревизор го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

1. Приговорот поднесен по податоците кои упатуваат на поглавјето Основни податоци на страните 8, 11, 16 - став 2, 17 - став 4, точките од поглавјето Ревизорски наоди – 1.1, 1.3, 2.2, 3.1, 4.1, 4.1 став 5, 4.2 став 5, 5.1, деловите од истото поглавје насловени како Утврдени состојби на страните 36 и 37 како и Прилог 2 - Преглед 1 од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на активности поврзани со заштита од пожари во Република Македонија, **се одбива.** Приговорот поднесен по точка 3.1 **делумно се прифаќа.**
2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија.

## Образложение

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на активности поврзани со заштита од пожари во Република Македонија во надлежност на повеќе институции во областа, доставен е допис во форма на пишан приговор од Центарот за управување со кризи на ден 22.06.2010 година бр. 12 – 1545/7 од 21.06.2010 година заведен во ДЗР под број 13 – 342/15 од 22.06.2010 година. Во прилог на приговорот, доставени се истите забелешки доставени и по Претходниот извештај,